

ЖЕНСКА ИНИЦИЈАТИВА

ANTICO

# Родова анализа на кандидатските листи и изборните резултати

## Парламентарни избори 2011

…towards common values!

Женска граѓанска иницијатива

# Родова анализана кандидатските листи и изборните резултати

### Предвремени Парламентарни избори 2011

*Годишната програма на АНТИКО е поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, која е имплементирана од страна на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа и финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC)*

За постигнување на балансирано учество на жените во сите сфери на општествениот живот од особена важност е да се обезбеди и осигура рамноправност на жените во споделувањето на власта и активно учество во креирањето на политиките, одлучувањето на сите нивоа од јавниот и политичкиот живот.

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО во рамките на програмата „Жените и општеството“ континуирано работи на зголемување на учеството на жените во структурите на одлучување и ги поддржува и следи процесите на политичката партиципација на жените на локално и национално ниво.

ЖГИ Антико спроведе родова анализа на кандидатските листи (понатаму во текстот КЛ) за Предвремените парламентарни избори 2011, а по завршувањето на изборите и на постигнатите изборни резултати.

Резултатите од анализата покажуваат дека нема некој означаен напредок во однос на застапеноста на жените кандидати на КЛ, а тоа има влијание и врз процентот на избрани жени во Парламентот на Република Македонија.

Иако политичките партии генерално ги почитуваат одредбите на Изборниот законик „... **на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол**“, како по правило и на овие избори, добитните позиции ги резервираат за мажите кандидати, а жените најмногу се позиционираа на 3, 6, 9, 12 ... место, кои се помалку добитни или воопшто недобитни позиции.

Процентуалната застапеност на жените на кандидатските листи се движи од 30% до 60% максимум. Кандидатската листа на СДПМ (Социјалдемократската партија на Македонија) во првата изборна единица е единствената листа со **60% жени кандидати.**

**Од вкупниот број на кандититатски листи (81 КЛ):**

- најбројни се кандидатските листи со **30% жени** (вкупно **40 листи**), а потоа следуваат:
- **35% жени** на **23 КЛ**
- **40% жени** на **13 КЛ** (СДУ со **2 КЛ**); Обединети за Македонија во **2 КЛ**; ПОДЕМ **2 КЛ;** ПП Достоинство во **2 КЛ,** а останатите коалициони партнери ВМРО – ДПМНЕ, коалиција СДСМ, ВМРО НП, СДПМ и ЛДП само во **1 К Л**)
- **45% жени само на 2 КЛ** (СДУ и ВМРО – НП во третата изборна единица);
- **50% на 1 КЛ** (Европска партија на Македонија);
- **55% само** на **1 КЛ** (СДПМ);

За жал, процентите покажуваат дека помалите партии кандидираат повеќе жени, но веројатноста за влез на овие партии во Парламентот е многу мала, освен кога се во коалиција со поголемите партии, но во такви случаи партиите кандидираат најчесто мажи – вообичаено лидерите на политичките партии (ПП).
Воспоставена пракса е ПП, во изборните единици каде имаат помал број на свои сипатизери и гласачи на погорните места на кадидатските листи ги позиционираат жените, но и во овој случај жените немаат никакви шанси да бидат избрани.

Во табелите кои следуваат е даден преглед за застапеноста на жените во кандидатските листи на политички партии по изборни единици.

***Табела 1. Анализа на позицијата на жените во кандидатските листи по изборни единици***

## Изборна единица 1

| Политичка партија | Редослед на жените по места во КЛ | Процент на жени на КЛ |
|---|---|---|
| 1. Нова демократија | 3/6/9/12/15/17/18 | 35% |
| 2. ПОДЕМ – Партија на обединети демократи на Македонија | 3/6/9/12//15/18 | 30% |
| 3. Социјалдемократска унија – СДУ | 3/5/6/9/12/15/18/19 | 40% |
| 4. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ | 2/5/8/12/15/17 | 30% |
| 5. ВМРО – НП | 3/5/9/12/15/18 | 30% |
| 6. ДУИ | 2/6/9/12/15/18 | 30% |
| 7. ДПА | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 8. Политичка партија Достоинство | 3/6/9/12/15/18/20 | 35% |
| 9. СДСМ | 1/4/8/12/13/15/16 | 35% |
| 10. Национална демократска унија - НДУ | 2/6/9/12/15/18 | 30% |
| 11. ЛДП | 2/6/8/10/13/15 | 30% |
| 12. СДПМ | 1/3/5/7/8/9/10/12/14/16/17/18 | 60% |
| 13. Демократска десница | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 14. Европска партија на Македонија | 2/4/6/8/11/13/15/16/18/20 | 50% |
| 15. Национална демократска преродба-НДП | 2/5/8/11/14/17/19 | 35% |
| 16. Обединети за Македонија | 1/4/6/7/11/14/18/20 | 40% |

## Изборна единица 2

| Политичка партија | Распоред на жените по места | Процент на жени на ИЛ |
|---|---|---|
| 1. Нова демократија | 3/6/9/12/ 15/18 | 30% |
| 2. ПОДЕМ – Партија на обединети демократи на Македонија | 3/6/9/11/13/16/18 | 35% |
| 3. Социјалдемократска унија - СДУ | 3/5/7/10/13/16/19 | 35% |
| 4. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ | 1/6/8/12/15/16/17/19 | 40% |
| 5. Демократска унија на Албанците – ДУА | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 6. ВМРО – НП | 3/6/7/10/12/13/14/16 | 40% |

| | | |
|---|---|---|
| 7. ДУИ | 1/6/9/12/15/18 | 30% |
| 8. ДПА | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 9. Политичка партија Достоинство | 3/6/8/10/14/17/19 | 35% |
| 10. СДСМ | 1/4/8/12/13/16/18/19 | 40% |
| 11. Национална демократска унија - НДУ | 1/6/9/12/15/18 | 30% |
| 12. ЛДП | 3/6/8/10/14/17/18 | 35% |
| 13. СДПМ | 1/3/6/9/12/15/18 | 35% |
| 14. Демократска десница | 3/6/9/12/15/18/20 | 35% |
| 15. Национална демократска преродба - НДП | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 16. Обединети за Македонија | 3/5/6/8/12/15/18 | 35% |

## Изборна единица 3

| Политичка партија | Распоред на жените по места | Процент на жени на ИЛ |
|---|---|---|
| 1. ПОДЕМ – Партија на обединети демократи на Македонија | 2/6/9/11/14/16/18/20 | 40% |
| 2. Социјалдемократска унија - СДУ | 2/6/7/8/11/14/15/17/19 | 45% |
| 3. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ | 3/6/8/11/15/18 | 30% |
| 4. ДУИ | 3/5/8/11/13/16/20 | 35% |
| 5. ВМРО – НП | 2/6/9/10/13/14/17/19/20 | 45% |
| 6. ДПА | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 7. Политичка партија Достоинство | 3/6/8/10/12/14/16/18 | 40% |
| 8. СДСМ | 3/6/9/12/15/16/18 | 35% |
| 9. ЛДП | 3/5/6/9/12/15/18 | 35% |
| 10. СДПМ | 2/4/6/11/13/16/17/19 | 40% |
| 11. Демократска десница | 1/4/7/12/15/18 | 30% |
| 12. Обединети за Македонија | 2/3/6/9/12/15/17/18 | 40% |

## Изборна единица 4

| Политичка партија | Распоред на жените по места | Процент на жени на ИЛ |
|---|---|---|
| 1. ПОДЕМ – Партија на обединети демократи на Македонија | 3/6/8/9/12/15/18/20 | 40% |
| 2. Социјалдемократска унија - СДУ | 3/5/9/11/15/18 | 30% |
| 3. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 4. ВМРО – НП | 3/5/8/10/13/16/18 | 35% |
| 5. Политичка партија Достоинство | 3/6/9/10/12/14/16/18 | 40% |
| 6. СДСМ | 3/6/8/12/14/18 | 30% |
| 7. ЛДП | 2/4/9/11/15/16/17/20 | 40% |
| 8. СДПМ | 2/4/6/7/9/11/12/14/15/17/20 | 55% |
| 9. Демократска десница | 1/4/9/12/15/16/20 | 35% |
| 10. Обединети за Македонија | 2/6/9/11/13/16/18 | 35% |

## Изборна единица 5

| Политичка партија | Распоред на жените по места | Процент на жени на ИЛ |
|---|---|---|
| 1. Нова демократија | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 2. ПОДЕМ – Партија на обединети демократи на Македонија | 3/5/8/10/13/17/18 | 35% |
| 3. Социјалдемократска унија - СДУ | 2/5/7/10/13/16/18/19 | 40% |
| 4. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ | 3/6/9/12/14/18 | 30% |
| 5. ВМРО – НП | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 6. ДУИ | 2/6/9/12/13/16 | 30% |
| 7. ДПА | 3/6/9/12/15/18 | 30% |
| 8. Политичка партија Достоинство | 3/6/9/12/14/16 | 30% |
| 9. СДСМ | 3/6/9/12/13/17/19 | 35% |
| 10. ЛДП | 3/6/7/10/15/16 | 30% |
| 11. СДПМ | 3/6/9/11/14/18 | 30% |
| 12. Демократска десница | 1/2/5/9/12/15/17 | 35% |
| 13. Национална демократска преродба - НДП | 3/6/9/12/15/18 | 30% |

| | | |
|---|---|---|
| **14. Обединети за Македонија** | **1/2/5/7/11/14/18** | **35%** |

## Изборна единица 6

| Политичка партија | Распоред на жените по места | Процент на жени на ИЛ |
|---|---|---|
| **1. Нова демократија** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **2. Социјалдемократска унија - СДУ** | **3/4/9/12/15/18** | **30%** |
| **3. Демократска унија на Албанците – ДУА** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **4. Коалиција ВМРО – ДПМНЕ** | **3/6/9/11/14/18** | **30%** |
| **5. ВМРО – НП** | **3/6/7/11/14/16/19** | **35%** |
| **6. ДУИ** | **2/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **7. ДПА** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **8. Политичка партија Достоинство** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **9. СДСМ** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **10. ЛДП** | **1/3/6/9/12/15/18** | **35%** |
| **11. СДПМ** | **3/5/9/12/15/18** | **30%** |
| **12. Национална демократска преродба - НДП** | **3/6/9/12/15/18** | **30%** |
| **13. Обединети за Македонија** | **2/6/9/12/15/17** | **30%** |

## ***<u>Анализа на кандидатските листи од дијаспората</u>***

Во изборните единици 7, 8 и 9 сите политички партии кандидирале само по еден кандидат. Од **вкупно 19 политички партии** кои предложиле свои кандидати **само две се жени:**
- во седмата изборна единица, Европската партија на Македонија предлага жена кандидат и
- во деветтата изборна единица Коалицијата СДСМ предлага жена кандидат

Останатите кандидатски листи се со 0% жени, односно вкупната застапеност на жените на КЛ од дијаспората во овие три изборни единици е 10,5%. Кандидатките жени од овие три изборни единици не се избрани во новиот состав на Парламентот на РМ.

***Табела 2. Изборни единици (ИЕ) 7, 8 и 9***

| | | |
|---|---|---|
| **ИЕ 7** | **8 кандидатски листи** | **1 жена** |

| | | |
|---|---|---|
| **ИЕ 8** | **7 кандидатски листи** | **нема жена** |
| **ИЕ 9** | **4 кандидатски листи** | **1 жена** |

| **Од вкупно 19 кандидатски листи само 2 се жени – 10,5 %** |
|---|

## ***Позиционираност на жените на кандидатските листи***

***Табела 3 . Севкупен табеларен преглед на позицијата на жените на кандидатските листи***

| Позиција на жените на КЛ | Број на жени | Процент на жени |
|---|---|---|
| 1 | 13 | 16% |
| 2 | 20 | 25% |
| 3 | 54 | 67% |
| 4 | 10 | 12% |
| 5 | 16 | 20% |
| 6 | 62 | 76% |
| 7 | 11 | 14% |
| 8 | 19 | 23% |
| 9 | 55 | 68% |
| 10 | 13 | 16% |
| 11 | 17 | 21% |
| 12 | 56 | 69% |
| 13 | 16 | 20% |
| 14 | 19 | 23% |
| 15 | 54 | 67% |
| 16 | 22 | 27% |
| 17 | 17 | 21% |
| 18 | 59 | 73% |
| 19 | 13 | 16% |
| 20 | 11 | 14% |

Според местото/распоредот на жените на кандидатските листи, може да се забележи дека и на овие избори нема значајни поместувања во однос на претходните избори, затоа што жените и понатаму многу малку се застапени на првите/добитни позиции, односно, повеќе се практикува од страна на ПП позиционирање на жените на секое трето место колку да се испочитува законската обврска.

Така, процентот на жените-носители на кандидатските листи изнесувасамо **16% (вкупно 13 жени)** и тоа според партиската припадност:
- по ***две жени*** на првата позиција имаат: Коалицијата СДСМ, СДПМ, партијата Обединети за Македонија;
- по ***една жена:*** Коалицијата ВМРО - ДПМНЕ, ДУИ, Национална демократска Унија и ЛДП;
- најмногу **жени** на првата позиција, односно ***3*** се застапени на кандидатските листи доставени од Демократска десница.

Како што може да се забележи подолу во Табела 4, највисок процент на жени се застапени **на 6-тата позиција – 76%,** додека, пак, најмалку жени се присутни **на 4 тата позиција** на кандидатските листи односно, **12%.**

***Табела 4. Процентуалната застапеност (од највисоката до најниската вредност) на жените според позицијата на кандидатските листи***

| Процент на жени | Позиција на жените на КЛ |
|---|---|
| 76 % | 6 |
| 73% | 18 |
| 69% | 12 |
| 68 % | 9 |
| 67 % | 3 и 15 |
| 27% | 16 |
| 25 % | 2 |
| 23% | 8 и 14 |
| 21% | 11 и 17 |
| 20% | 5 и 13 |
| 16% | 1,10 и 19 |
| 14% | 7 и 20 |
| 12 % | 4 |

# ***<u>Родова анализа на постигнатите резултати од Предвремените Парламентарни Избори 2011</u>***

### *Број на избрани жени пратенички во Собранието на РМ (2011 – 2015)*

***Табела 5. Избрани жени во Парламентот на РМ според партиската припадност***

| **Политичка партија** | **Вкупен број на пратеници** | **Број и процент на избрани жени** | |
|---|---|---|---|
| **ВМРО – ДПМНЕ коалиција** | **56** | **18** | **32,1%** |
| **СДСМ коалиција** | **42** | **13** | **30,9 %** |
| **ДУИ** | **15** | **5** | **33,3%** |
| **ДПА** | **8** | **1** | **12,5 %** |
| **Национална демократска преродба** | **2** | **1** | **50 %** |
| **Вкупно** | **123** | **38** | **30,9%** |

Во споредба со претходниот состав на Парламентот во кој што процентот на жените пратенички изнесуваше 32%, можеме да констатираме дека има мал пад **на 30,9 % жени** во сегашниот состав. Од коалицијата **ВМРО – ДПМНЕ избрани се 32,1% жени,** додека пак од коалицијата **СДСМ 30,9%**. Процентот на избрани жени од партијата **ДУИ изнесува 33,3%**. Од албанската етничка заедница избрани се **вкупно 7 жени пратенички**, додека пак Ромки, Турчинки или жени од другите етнички заедници не се избрани ниту во овој состав.

Со формирањето на Владата, односно отстапувањата на пратеничките места заради учество во истата или заради градоначалничка функција, во наредниот период очекуваме промени и во бројот на жените во Собранието на Република Макдеонија, по што ќе можеме да ја утврдиме конечната застапеност на жените во законодавниот дом.

***Резиме***

Од добиените резултати од предвемените парламентарни избори во Република Македонија 2011, доаѓаме до заклучок дека учеството на жените во Парламентот сéуште е резултат на институционалните механизми кои го овозможуваат тоа, односно законската квота од 30% за помалку застапениот пол во изборните листи. Изборниот законик е дециден „... **на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол“**, и ПП во голема мера ја испочитувале оваа законска одредба, но, бројот на избрани жени во Парламентот сепак е само 30,9% што значи минимум исполнување на квотата. Затоа прашуваме:

***- доколку не беа квотите од 30%, колку жени денес ќе беа на одлучувачки позиции во овој највисок орган на Р. Македонија?***

***- дали и тие ќе ја делеа судбината на жените градоначалнички кои се моментално застапени со 0%?***

Во Изборниот законик не постои квота од 30% за избор на жени градоначалнички.

Останува секој читател/ка да донесе сам/сама заклучок, за нивото на зголемена јавна свест за рамноправната застапеност на жените во одлучувачките позици!

**Анализата ја подготви:**

**Програмскиот тим на ЖГИ Антико**

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА АНТИКО

contact@antiko.org.mk ;
antico@t-home.mk;
www.antiko.org.mk;

*Годишната програма на АНТИКО е поддржана од програмата CIVICA Mobilitas, која е имплементирана од страна на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа и финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC)*